# НИЗОК КРВЕН ПРИТИСОК ( ХИПОТЕНЗИЈА)

Се работи за состојба која се дефинира како вредност на крвниот притисок која е пониска од нормално очекуваната за особата во одредени услови и е релативен поим. Вредностите на крвниот притисок се разликуваат во зависност од моменталната активност , годините, здравственаста состојба и употребата на одредени  лекови. Секогаш се наметнува прашањето колку низок треба да биде крвниот притисок и колку долго треба да е присутен да би се означило како болест – хронична хипотензија со симптоматологија и смален квалитет на живеење. За хипотензија зборуваме кога крвниот притисок е помал од 100/60ммХг.измерен повеќе пати во амбулантни услови во присуство на симптоми како што се умор, пореметување на сонот, вртоглавица, несвестици палптации, препотување, вознемиреност во одсуство на постоење на  други заболувања. Покрај трајно присутниот низок крвен притисокна кај кој причината не е позната (идиопатски) постои и секундарна хипотензија која е резултат на различни заболувања, употреба на медикаменти и др.

Клиничка слика

Трајно нискиот крвен притисок ретко е показател на сериозно здравствено пореметување, организмот на него се прилагодува и најчесто не дава симптоми. Проблемот настанува при нагол пад на крвниот притисок кога мозокот и другите витални органи остануваат без крв и немаат време за прилагодување. Во ваквите случаи може да се јави омаглица, вртоглавица, општа слабост, пореметувања во видот па и краток губиток на свест. ( синкопа)

Дијагноза

Прво треба да се утврди дали хипотензијата  е примарна или секундарна, односно треба да се исклучи болест, состојба или лекови кои довеле до секундарна хипотензија. Покрај прегледот потребна е лабораторија ( гликемија, крвна слика, и функција на бубрег) Потоа е потребен и 24 – часовенмониторинг на крвниот притисок. (АБП-Холтер)

Лекување

Лекувањето е насочено кон олеснување на симптомите и не е потребно ако пациентите немаат одредени симптоми кои му го менуваат квалитетот на живеење. Мерките на лекување се насочени кон подобрување на хигиено-диететскките навики и стилот на живеење : внес на сол, доволно течности, кофеин, зголемена телесна активност. Лекови се даваат само во случаеви кога овие општи мерки не резултираат со поволен ефект . Лекувањето на секундарната хипотензија е етиолошко - насочено кон причината која довела до нејзино манифестирање.

**Др.Л.Паланова**
**Спец.по интерна мед.**